Центар
за истражување
и информирање
за животна средина
„ЕКО-СВЕСТ“ СКОПЈЕ

До: До: Саша Јовановиќ, Раководител на Сектор за шумарство и ловство

Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија, ул. Аминта Трети бр. 2 1000 Скопје

05.02.2024, Скопје

**КОМЕНТАРИ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ШУМИТЕ И ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА АГЕНЦИЈА ЗА ШУМИТЕ**

Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје во врска со предложените законски решенија за донесување на нов Закон за шуми и нов Закон за Агенција за шумите ви ги доставува коментарите кои се конципирани во два дела:

- Првиот дел- Општи забелешки на Закон за шумите и Закон за Агенција за шуми
- Втор дел- Коментари во однос на Закон за шумите и Извештајот за проценка на влијанието врз регулативата,

1. Прв дел

Донесувањето на нов Закон за шумите треба да одговори на потребата да се спречи загубата на биодиверзитетот и да се нагласи функцијата која што шумите ја имаат како јаглеродни понори (carbon sinks). Како што наведува Стратегијата за биодиверзитет на и Стратегијата за шумите на ЕУ, потребни ни се здрави и отпорни шуми за да се исполнат климатските цели, да се спречи загубата на биодиверзитетот и да се обезбеди одржлив регионален развој и кружна биоекономија, како обврски од Европскиот Зелен договор и Зелената Агенда на Западен Балкан.

Една од целите на новиот Закон за шумите е намалувањето на придонесот на РСМ за емисиите на стакленички гасови и глобалните загуби на биолошката разновидност, но не е предвидена постапка со која ќе се следи подобрувањето на  отпорноста на шумите кон климатските промени и нивниот придонес кон намалување на климатските промени. Потребно е да се предвидат прецизни законски одредби, да се назначат државните институции кои ќе бидат надлежни за следење и навремено да се усвојат подзаконските акти. Дополнително, одредбите со кои се предвидува донесување на методологијата за идентификација и мапирање на шумските функции и екосистемските услуги, како и методологијата на класификација на шумите според намената и функцијата е нејасно зошто е предвидено да ја донесе Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство кое што нема овластувања да ја уредува оваа област.

Законот за шуми треба да постави посебна цел за митигација на емисиите на стакленички гасови исклучиво од LULUCF за да се избегне искористување на шумите за намалување на емисиите без да се работи на намалување на останатите извори на стакленички гасови.

За да се осигураме дека со законот нема да се поттикнат **штетни практики за секвестрација на јаглерод (садење нови шуми)**, мора да се обезбеди соодветна заштита и унапредување на постоечките екостеми и биодиверзитет и целосно услогласување на овој закон со Националната стратегија за заштита на природата и Националната стратегија за биолошка разновидност.

Истовремено, новиот Закон за шумите треба да биде усогласен со новиот Закон за климатска акција кој е во собраниска процедура и беше подготвен како дел од усогласувањето со прописите на ЕУ и заложбите на земјава за намалување на стакленичките гасови.

Новиот Закон за шумите треба да го следи новиот Закон за заштита на природата. Со донесувањето на новиот Закон за шумите нема да се постигне напредок на земјава и подобрување на правната рамка, особено бидејќи не се предвидени јасни и прецизни одредби кои се поврзани со одржливо управување со шумите. Недоречености постојат и во делот на еколошките функции на шумите (член 10) кои со новото законско решение се во надлежност на идната Агенција за шумите, а заштитените подрачја се исклучени.

Одржлив развој е невозможен без функцијата на заштитените подрачја, особено националните паркови кои обезбедуваат одржување и унапредување на биолошката разновидност на шумите, надлежност за обновување и задржување на виталноста на природните екосистеми. Клучно за подобрување на новиот Закон за Агенција за шуми е да се предвиди надлежноста на заштитените подрачја во АД Шуми за да се постигне долгорочно и ефективно управување и планирање на заштитата и користењето на шумите. Сконцентрирањето на различни надлежности во едно регулаторно и контролно тело може да резултира со: недостаток на сеопфатен мониторинг на биолошката разновидност, податоци за складирање на јаглерод, достапност до собраните податоци, расфрлани одговорности и недостаток на меѓусекторска координација помеѓу државните органи со различни надлежности.

2. Втор дел

**Член 1 став 1- Предмет на уредување** треба да се дополни со текстот кој што е во постојното законско решение за да има законска основа во согласност со Уставот на РСМ: „**чувањето на шумите како природно богатство и шумското земјиште, остварувањето на општокорисните функции на шумите...**“ На овој начин се усогласува статусот на шумите како добро од општ интерес пропишан во член 3 и Уставот на РСМ.

**Член 3 став 2- Јавен интерес** треба да се усогласи со член 1 став 1 и да гласи: „**планирањето, управувањето, стопанисувањето, одгледувањето, заштитата ,користењето и чувањето на шумите, правата и обврските поврзани со шумите и шумското земјиште, организацијата и финансирањето во шумарството, како и**

**други прашања поврзани со шумите, шумското земјиште и шумските функции или екосистемски услуги се дејности од јавен интерес.“**

Како што наведува Извештајот за проценка на влијанието врз регулативата во делот: „**со новиот Закон за шумите се обезбедува согласно основните поставки за стабилен развој на општеството се обезбедува суштинско и реално уважување на природното богатство од општ интерес- шумите, врз кои природно, интерес покажуваат државата, сопствениците на приватни шуми и граѓаните на РСМ**” и затоа треба да се операционализира во законски одредби.

Да се извршат нови консултации и да се земат предвид надлежностите на заштитените подрачја во ова законско решение. Видно од Извештајот за проценка на влијанието врз регулативата, во делот на засегнати страни кои биле консултирани не се вклучени заштитените подрачја и националните паркови.

**Член 10 став 3- Еколошки функции**- Во понатамошниот текст треба прецизно да се регулира надлежноста и постапката за следење на еколошките функции на шумите, особено делот на „секвестрација и акумулација на јаглерод во шумските екосистеми за регулирање на локалната клима и ублажување на климатските промени (функција за регулирање на климата)“. Поради функцијата на „зачувување на генската и биолошката разновидност на ниво на екосистем“ треба на соодветен начин да се регулира функцијата на заштитените подрачја како надлежни за следење на биолошката разновидност и живеалиштата на дивите видови.

**Член 12 став 5- Класификација на шумите по намена-** Во подготовката на методологијата на класификација на шумите според намената и функцијата да се вклучи и Министерството за животна средина и просторно планирање поради нивните меѓународни обврски за зачувување на шумско живеалиште од европско и/или национално еколошко значење. Друго решение е во новата Агенција за шуми да се вклучат претставници од МЖСПП и заштитените подрачја кои управуваат со заштитата на природатата (и шумите) на нивната територија.

**Член 14 став 4- Идентификација на потенцијални локации за шумски типови на хабитати по Натура 2000-** Покрај Националната програма за шумарство и Планот за одржлив развој на шумите, при утврдување на подкритериумите согласно прописите за заштита на природата за хабитати и птици треба да се предвидат упатувачки норми кон Законот за заштита на природата и стратешките документи кои произлегуваат од него (Стратегија за заштита на природата и Стратегија за биолошката разновидност).

**Член 16- Финансиски надоместок за изгубен приход поради прогласување-** Оваа одредба треба да се отфрли бидејќи делува демотивирачки на процесите на прогласувања на заштитени подрачја и истовремено го загрозува јавниот интерес за заштита на природата и поради тоа е конфликтно да остане како дел од законско решение.

**Член 23- Копачење и трајна пренамена –** Трајна пренамена на шуми треба да биде забранета. Трајна пренамена поради градби од стратешки интерес нема ниту законска ниту уставна основа од каде би произлегувало одговорноста да се предвиди ваква

постапка. Дополнително, треба да се задржи постојното законско решение кое го истакнува Просторниот план кој е основен плански документ, а не урбанистичкиот план.

**Член 26- Надомест за копачење и трајна пренамена за шуми-** Во пресметката на надомест треба да се предвиди изготвување на методологија за утврдување на надоместокот во кој ќе бидат валоризирани и загубите на другите функции на шумите (еколошките, заштитни функции) и да се прошират критериумите за определување на висината на надомест.

**Член 52- Општи принципи-** Потребно е дефинирање на секој од принципите и нивното значење за да биде појасно за следење.

**Член 115- Услови за одржливо производство на дрво за енергија-** За да се обезбедат докази дека сечата е во согласност со целите на заштита на природата треба јасно да се дефинираат надлежностите на заштитените подрачја кои ја обезбедуваат заштитата на шумита на нивната територија.

**Член 142- Стопанисување и управување со државни шуми-** Треба да се направи дистинкција помеѓу стопанисувањето кое го врши АД Шуми и управувањето кое го вршат заштитените подрачја. Наведени се услови за стопанисување, треба да се предвидат и услови/критериуми за управување.

**Член 150- Извори на финансирање во шумите-** Согласно Закон за животната средина, средствата од Националната програма за животна средина не може да бидат наменети за стопанисување со шуми.

Во очекување на вашиот одговор.

Со почит,

Ана Чоловиќ Лешоска

Еко-свест